Врз основа на член 107, 205, став 3, 206 и 207 од ЗРО, член 17 и 19 од Општиот Колективен Договор за приватниот сектор од областа на стопанството, и член 49, став 4 од Колективниот Договор за вработените од земјоделството и прехранбената индустрија, синдикатот на работниците од агроиндустрискиот комплекс на Република Македонија - Агро Синдикат и Здружението за земјоделие и прехранбена индустрија на Организацијата на работодавачи на Македонија, на 07. 07. 2011 година склучија

**КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР**

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР
ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ОД ЗЕМЈОДЕЛИЕТО И ПРЕХРАНБЕНАТА ИНДУСТРИЈА

**Член 1**

Во членот 49, став 1 во првата реченица, после зборот “плата”, зборот “ќе” се брише.

Во членот 49, став 1, точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: “и се утврдува во износ од 7.350,00 денари за земјоделство и во износ од 8.600,00 денари за прехранбена индустрија, за 100% остварена норма од утврдената во гранката или полно работно време од просечното годишно 176 часа месечно.”.

После ставот 1 од членот 49 се додава нов став 2 кој гласи: “Пресметувањето на најниската плата, утврдена во став 1 на овој член, ќе започне да се применува со исплатата на платата за месец септември, 2011 година.”

Во ставот 3 во третата реченица, после зборот “си” се додава зборот “ја”, а после зборот “задржуваат” се бришат зборовите “правото на”, а во четвртата реченица после зборот “истата”, се додава зборот “задолжително”.

Во ставот 4 од членот 49 во првата реченица, после зборот “сложеност” се додаваат зборовите “со спогодба”. Останатиот текст останува ист.

Ставовите 2, 3 и 4 стануваат ставови 3, 4 и 5.

Пречистениот текст на член 49 гласи:

**При утврдување на најниската плата се поаѓа особено од: трошоците на живот, економските можности, општото ниво на платите на дејност, нивото на продуктивноста, економичноста, рентабилноста, социјалните давања и други економски и социјални фактори и се утврдува во износ од 7.350,00 денари за земјоделство и во износ од 8.600,00 денари за прехранбена индустрија, за 100% остварена норма од утврдената во гранката или полно работно време од просечното годишно 176 часа месечно.”.**

**Пресметувањето на најниската плата, утврдена во став 1 на овој член, ќе започне да се применува со исплатата на платата за месец септември, 2011 година.**

**Работодавачите од земјоделството и прехранбената индустрија кои имаат повисока најниска плата од утврдената најниска плата во овој Колективен Договор, ја задржуваат таа најниска плата (не можат да ја намалат) и истата задолжително се вградува во Колективните Договори на ниво на работодавач.**

**Најниската плата за најнизок степен на сложеност со спогодба ја утврдуваат и објавуваат потписниците на колективниот договор најмалку еднаш годишно, но не подоцна од 31. 01. тековната година.**

**Член 2**

Членот 51 се менува и гласи:

**Работите, односно работните места се групираат во групи на сложеност за дејноста земјоделство и за дејноста прехранбена индустрија.**

**Поединечните работи, односно занимања се класифицираат по групи на сложеност за земјоделство и за прехранбена индустрија согласно Одлука за утврдување на националната класификација на дејности (Сл.весник бр.37/11 од 24.03.2011) и тоа:**

**Степенот на сложеност I (еден) се однесува на износот на најниската нето плата дефинирана со овој колективен договор и со степенот I (еден) се покриени занимањата-помошник земјоделски работник и сезонски работник.**

| **Група** | **Степен на сложеност** |
|---|---|
| **I** - Едноставни, повторливи и разновидни работи...................................................... | **1,00** |
| **II** - Помалку сложени, повторливи и разновидни работи ............................................ | **1,30** |
| **III**- Сложени, разнодидни, повторливи и си повремена појава на нови работи ........ | **1,50** |
| **IV** - Посложени, разновидни работи за кои е потребна самостојност и иницијативност ......................................................................................................... | **1,75** |
| **V** -Посложени, разновидни работи за кои е потребна голема самостојност и иницијативност............................................................................. | **2,00** |
| **VI**- Значајно сложени работи кои бараат самостојност и иницијативност.................. | **2,50** |
| **VII**- Мошне сложени работи кои бараат голема самостојност, креативност и иницијативност............................................................................ | **3,00** |
| **VIII** - Мошне сложени работи кои бараат голема самостојност,креативност, Иницијативност и специјализираност .......................................................................... | **3,50** |
| **IX** –Најсложени, специјалнизирани, креативни самостојни работи ............................ | **4,00** |

**Член 3**

Со потпишувањето на овој Колективен Договор за изменување и дополнување на Колективниот Договор за вработените од земјоделството и прехранбената индустрија, се продолжува важењето на Колективниот Договор за вработените од земјоделството и прехранбената индустрија за две години, сметано од денот на објавувањето на Колективниот Договор за изменување и дополнување на Колективниот Договор за вработените од земјоделството и прехранбената индустрија во Службен Весник на Република Македонија.

**Член 4**

Овој Колективен Договор стапува во сила со денот на склучувањето, а ќе се применува од денот на неговото објавување во "Службен Весник на РМ" .

**Член 5**

Потписниците на овој Колективен Договор за изменување и дополнување на Колективниот Договор за вработените од земјоделството и прехранбената индустрија се обврзуваат да ги вградат одредбите од овој Колективен Договор по неговото склучување и Спогодбата бр.0101-136/1 и бр. 0101-5 од 23. 11. 2010 година во Колективните Договори на ниво на работодавач, заклучно со 30. 09. 2011 година.

07.07.2011

*Организација на работодавачите*
На Македонија
*Здружение за земјоделие и*
*прехрамбена индустрија*

**ПРЕТСЕДАТЕЛза Земјоделие**
**Томислав Давков**

_______________

*Синдикат на работниците*
од Агроиндустрискиот комплекс
*на Р.Македонија „АГРО-СИНДИКАТ"*

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Живко Даневски**

_______________

**ПРЕТСЕДАТЕЛ за Прехрамбена индустрија**
**Влатко Ѓоргиевски**

___________________